Врз основа на член 58 став 1 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 април 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19**

**Член 1**

Во Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 62/20, 63/20, 64/20, 66/20, 70/20, 72/20 и 92/20), во член 1, по точка 26 се додава нова точка 27. која гласи:

“ 27. Се забранува пристап на лица и возила, во паркови, излетнички места, места за рекреација во националните паркови и шуми и на други јавни места и површини, во период од 16 април 2020 година (четврток) од 16.00 часот, до 21 април 2020 година (вторник) до 5.00 часот.“

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“,.

**Бр.44-2147/8**
**13 април 2020 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

**Оливер Спасовски**